Ние во Алма-М веќе 34-та година сериозно ги проучуваме и подготвено ги пречекуваме сите промени и новости кои доаѓаат, преку развој, дејствување и трансформација на бизнисот, носејќи нови квалитети за нашите клиенти. Посветуваме посебно внимание на развој на човечките ресурси. Привлекуваме, развиваме и задржуваме најдобри професионалци и наградуваме за нивните резултати.


**Алма – М ДООЕЛ**
Качанички пат бр.65а, Скопје
www.alma-m.mk
е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.mk


објавува **ОГЛАС** за следната работна

| | |
|---|---|
| позиција: | **СМЕТКОВОДИТЕЛ** |
| датум на објава: | 4 Јуни 2025 |
| рок за пријавување до: | 18 Јуни 2025 |
| број на оглас: | О-250604-АД-СМ |
| сектор: | Финансии |
| регион: | СКОПЈЕ |

**Работни задачи:**

- Прием контрола и евиденција на влезна документација,
- Книжење на нематеријални документи и банкарски изводи,
- Изготвување на секаков вид финансиска документација,
- Подготовка на извештаи за состојба на долгувања-побарувања,
- Евиденција и следење на наплата,
- Подготовка на интерни извештаи,
- Подготовка на извештаи до надлежни институции и сложување на картици,
- Познавање и примена на важечка законска регулатива од наведените области,
  Останати задачи според потребите на компанијата

**Потребни квалификации и вештини**:

- Минимум завршено средно образование,
- Одлична комуникација,
- Професионално однесување,
- Организираност  и аналитичност,
- Мотивирана и стабилна личност,
- Динамичност, проактивност и насоченост кон резултати,
- Способност за индивидуална и тимска работа,
- Позитивен однос кон промени и проактивност,,
- Одлично познавање на MS Office пакетот, особено MS Excel,
- Поседува лиценца за сметководител или овластен сметководител,
- Пожелно е поседување возачка дозвола Б – категорија, но не е задолжително,
- Пожелно е познавање на англиски јазик.

**Потребно искуство**:

- Минимум 3 години работно искуство во областа сметководство и финансии како сметководител.

**Работни услови:**

- Работниот однос се заснова на определено време од 1 месец (период на докажување на способности), со можност за продолжување,
- Дневно работно време е од 08:00-16:00 часот од понеделник до петок.

Сите коишто ги поседуваат горенаведените квалификации и вештини **СЕ ПОКАНЕТИ ДА АПЛИЦИРААТ со** нивната професионална биографија која може да ја достават на следната е-пошта:
vrabotuvanje@alma-m.mk со **задолжителна назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката**.

**Напомена:**

- **САМО** кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат контактирани.
- Апликациите **без назнака на бројот на оглас во насловот на пораката, НЕМА** да бидат разгледани!
- Рок во кој ќе се изврши изборот со интервјуирање: доколку на огласот се пријават до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.
- Со поднесување на Вашата апликација за вработување (CV), потврдувате дека сте согласни Вашите лични податоци да бидат чувани во база и обработувани наменски за сегашно или идно вработување од страна на АЛМА-М ДООЕЛ Скопје или од трето лице ангажирано за таа цел согласно Закон. Доколку не сте согласни, Ве молиме тоа да го наведете во апликацијата.
- Ве молиме без телефонски јавувања

*АЛМА-М ДООЕЛ Скопје е секогаш отворена за соработка со кандидати кои се вредни ентузијасти и сакаат да работат со тим кој е во секое време подготвен за нови предизвици во иновативна и динамична околина.*